РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-5222/1
05-07-2023 год.
СКОПЈЕ

Согласно Програмата за локален економски развој на Општина Кисела Вода за 2023 година, потпрограма ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност бр.09-11889/16 од 26.12.2022 година и согласно Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода бр. 09-4480/14 од 29.05.2023 година Општина Кисела Вода објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода

1. Предмет на јавниот повик:

• Користење на финансиските средства утврдени во Буџетот на Општина Кисела Вода, со намена за надоместување на дел од трошоците за субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода

• Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година, Програма за локален економски развој, потпрограма ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност во износ од 500.000,00 денари.

• Финансиските средства ќе се користат за делумен надомест за субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода, во износ од 50% од вредноста (не повеќе од 10.000,00 денари со вклучен персонален данок на доход)

2. Право на учество:

• Право на учество имаат сопствениците на индивидуални станбени објекти за домување на територија на Општина Кисела Вода, кои ги исполнуваат условите и ја доставиле потребната документација.

3. Потребна документација:

• Образец „Барање за субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода";
• Доказ за сопственост дека објектот е на територија на Општина Кисела Вода;

• Изјава заверена на нотар дека се работи за индивидуален станбен објект кој не е поврзан на градско парно и за кој нема искористени субвенции за набавка на пелети од Општина Кисела Вода по основ на овој повик и поседува печка на пелети за истиот објект.

• Фотокопија од лична карта;

• Фотокопија од трансакциска сметка;

• Доказ дека е извршено купувањето на пелетите, од 01.01.2023 година до завршување на јавниот повик, со приложување на фискална сметка или фактура и извод од деловна банка за извршена уплата во оргинална форма.

4. Критериуми и услови за учество:

• Барањето за субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на на пелети за домаќинствата на територија на општина Кисела Вода, сопствениците на домаќинствата го поднесуваат заедно со потребната документација, во затворен плик преку Архивата на Општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката.

• Архивата на Општина Кисела Вода примените барања ги евидентира заради воспоставување редослед (критериум: прв дојден, прв услужен)

5. Комисија :

• За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства, Градоначалникот на Општина Кисела Вода формира Комисија (од 5 члена).

• Комисијата има право и должност да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во документацијата и да бара друга дополнителна документација доколку смета дека тоа е потребно.

• Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите и доставува предлог до Градоначалникот на Општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиски средства.

• Градоначалникот на Општина Кисела Вода врз основа на предлогот носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето подносителот писмено се известува за неусвојувањето од страна на Комисијата.

6. Рок и начин на доставување на пријавите:

• Јавниот повик ќе трае до исцрпување на предвидените средства за оваа намена во Буџетот на Општина Кисела Вода, а најдоцна до 31.10.2023 година.

• "Барањето за субвенционирање и поддршка за кофинансирање на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода" за пријавување на Јавниот повик, подносителите може да ги подигнат од архивата или од веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk .

•Подетални информации, заинтересираните можат да добијат на следната мејл адреса : kirju.nikoloski@kiselavoda.gov.mk

• Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Комисија за утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства со намена за финансиска поддршка за набавка на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода

# БАРАЊЕ

**за субвенционирање и поддршка за кофинансирање за набавка на пелети за домаќинствата на територија на Општина Кисела Вода**

**1.Податоци за подносителот на барањето**

Од__________________________________со ЕМБГ ____________________

со адреса ____________________________________

**2.Кон барањето ја поднесувам следната документација**

• Доказ за сопственост дека објектот е на територија на Општина Кисела Вода;

• Изјава заверена на нотар дека се работи за индивидуален станбен објект кој не е поврзан на градско парно и за кој нема искористени субвенции за набавка на пелети од Општина Кисела Вода по основ на овој повик и поседува печка на пелети за истиот објект;

• Фотокопија од лична карта;

• Фотокопија од трансакциска сметка;

• Доказ дека е извршено купувањето на пелетите, од 01.01.2023 година до завршување на јавниот повик, со приложување на фискална сметка или фактура и извод од деловна банка за извршена уплата во оргинална форма.

**Барател - контакт тел:**_________________________

**Адреса на барател:**_____________________________

Барател

____________________ ____________________

(датум на поднесување) (своерачен потпис)

# ИЗЈАВА

Јас, (име и презиме)________________________________________________ со бр. на лична карта____________________________________и адреса на живеење_____________________________________________________

______________________________________________________________________,

под морална, материјална и кривична одрговорност изјавувам дека:

- Индивидуалниот објект не е поврзан на градско парно;

- Досега немам искористено субвенции за набавка на пелети од Општина Кисела Вода по основ на овој повик;

- Поседувам печка на пелети за истиот објект

- Личните податоци се точни и сум согласен истите да се користат исклучиво за потребите за спроведување на постапката на јавниот повик за субвенционирање за набавка на пелети за 2023 година.

Датум и место: ________________

Потпис: ________________